Друштво за промет и консалтинг
ФАРМАХЕМ ДООЕЛ
Бр. 03/05/805
21.10.2021 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-1001/1
20.10.2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
**за јавна набавка на стоки**
**Оглас: 16248/2021**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија**, ул. Водњанска бр.17, Скопје застапувана од Мед.Директор Доц.Д.р- Иван Барбов и Орг.ВД.Директор Др.Аљајдин Хавзиу од една страна и

2. **ФАРМАХЕМ ДООЕЛ, Скопје** адреса: Ул. Кичевска, бр.1, 1000 Скопје со ЕМБС **4165152** застапуван(о) од Управител: Одговорно лице: Марјонка Велјановска, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор за јавна набавка се стоки за набавка на:
**Реагенси и потрошен материјал за лабораторија.**

**Дел-1- Реагенси и потрошен материјал за имуноанализатор "ARCHITECT i1000sr", "или еквивалент"**

**Дел-2- Реагенси за хематолошки анализатори "SYSMEX XS 1000i", "или еквивалент"**

По делови,според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

**Дел-1**- Вкупно: **635.024,00** денари без ДДВ
ДДВ: **63.292,32** денари,
Вкупн□ со ДДВ: **698.316,32** денари.

**Дел-2**- Вкупно: **291.295,00** денари без ДДВ
ДДВ: **49.340,01** денари,
Вкупно со ДДВ: **340.635,01** денари.

**Вкупна цена за Дел-1 и Дел-2 износува: 926.319,00 денари без ДДВ**
**ДДВ: 112.632,33 денари,**
**Вкупна цена со ДДВ: 1.038.951,33 денари.**

Единечната цена на стоките е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.